Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/2011), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
**за формата, содржината, начинот и роковите за доставување на извештајот за бројот и вредноста на склучени договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци[1]**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината, начинот и роковите за доставување на извештајот за бројот и вредноста на склучени договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци од страна на кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии.

## Член 2

Извештајот за бројот и вредност на склучени договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци се поднесува на образец во А-4 формат на бела хартија.

Формата и содржината на образецот од став 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Извештајот за бројот и вредноста на склучени договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци се доставува во печатена и електронска форма.

## Член 4

Кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии до Министерството за финансии двапати годишно и тоа најдоцна до 15 јануари во тековната година за периодот од 1 јули до 31 декември од претходната година и најдоцна до 15 јули во тековната година за периодот од 1 јануари до 30 јуни од тековната година доставуваат извештај за бројот и вредноста на склучени договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци.

---

[1] Пречистен текст на Правилникот за формата, содржината, начинот и роковите за доставување на извештајот за бројот и вредноста на склучени договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.119/2011 и 54/2014)

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 12-24103/3 | МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ
19 август 2011 година | м-р Зоран Ставрески
Скопје

ПРИЛОГ

Назив на подносител на извештајот ______________________

Седиште ______________________

Контакт податоци (тел/факс, е-адреса) ____________________

ЕМБС ________________________

**Извештај за број и вредност на склучени договори за потрошувачки кредит и договорена годишна стапка на вкупни трошоци**

**за периодот од _______ до _________**

| **Р.бр.** | **Опис на позиција** | **Број на склучени договори** | **Вредност на склучени договори (во денари)** [2] | **Просечна пондерирана договорена годишна стапка на вкупни трошоци ( во %, со две децимали)** | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Краткорочни** | **Долгорочни** |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Потрошувачки кредити | | | | |
| 2 | Кредити врз основа на издадени кредитни картички | | | | |
| 3 | Кредити врз основа на договори за финансиски лизинг | | | | |
| **4** | **Вкупен број на склучени договори во периодот** | | | | |
| **5** | **Вкупна вредност на склучени договори во периодот** | | | | |

Во _____________,

на ___.___.20____

Одговорно лице

______________________

[2] Кога износот во кредитниот договор е изразен во странска валута потребно е овој износ да се пресмета во денари според средниот курс на Народна банка на денот на склучувањето на кредитниот договор